"Služben Vesnik N.R.M"
administracija
Skopje
Maršala Tita

СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА Н

СЛУЖБ

29 XI 1943

НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегуе два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласи по тарифата. — Текуќја сметка бр. 10-313-004 — Поштарина платена во готово.

Петок, 4 април 1947
БЕЛГРАД
БРОЈ 28 ГОД. III

Цена на овој број е 6.— дин. — Претплатата за прво полугодиште изнесуе дин. 300.— а за цела 1947 година дин. 550.—. — Редакција: Бранкова бр. 20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 22-619.

209.

УКАЗ

На основа членот 74 точка 6 Уставот ФНРЈ, а во врска на членот 7 Законот за Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ, Претседателството на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Основниот закон за експроприација, кој што го донеле Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој што гласи:

ОСНОВНИ ЗАКОН
ЗА ЕКСПРОПРИАЦИЈА

Општи одредби

Член 1

Недвижен имот и права на недвижен имот можат да се експроприраат кога тоа го бара општиот интерес на изведуење корисни работи за цели на друштвено-економското и културното подигање и развојот на народот, а осебено заради:

а) градење железници, трамваи, патишта, тунели, мостови, аеродроми, пловни канали, како и подигање згради и постројки кои што се врзани за овие објекти а наменети се на нивно одржуење и користење;

б) подигање насипи за одбрана од поплава, градење канали и сместуење цевки за одведуење големи води, наводнуење или исушуење, како и подигање на пумпни станици;

в) градење речни и поморски луки, пристаништа и зимовници, брежни докови, бродоградилишта, складишта;

г) регулација на текуќи води;

д) регулација на буици (вододерини) како и пошумуење кое што се врши во таа и друга цел;

ѓ) подигање воени грађевини, вежбалишта, утврдувања и други објекти за потреби на народната одбрана;

е) подигање постројки на телеграфска, телефонска и радио мрежа;

ж) изградба на населби, подигање жилишта и и јавни згради;

з) извршуење регулационен план на поедини населби, места и градови, комасации, арондации, мелиорации, асанации, изградба на водоводи, канализации, гасоводи, централи за производство и постројки за пренос и разведуење на електрична енергија;

и) подигање јавни купатила, отворање и заштита на минерални и топли води;

ј) подигање вежбалишта, игралишта и домови за фискултура;

к) подигање силоси, расадници, машински, семенски, сточни станици;

л) подигање и прошируење на рударски, индустриски и други стопански претпријатија;

љ) подигање школа, музеи, уметнички галерии и други општенародни културно-просветни и уметнички установи;

Исто така, кога тоа го бара општиот интерес, можат да се експроприраат предмети од особена културна, уметничка и историска вредност, како и имотни права.

Член 2

Експроприацијата може да се врши во корист на државата за потреби на сојузните органи, установи и претпријатија, како и за потреби на органи, установи и претпријатија на народните републики, автономната покраина, автономната област и административно-територијалните единици, како и во корист на кооперации, кооперативни и други организации на работниот народ.

Член 3

Експроприацијата може да се врши само врз основа на акт за експроприација на надлежниот државен орган.

Актот за експроприација има особено да ги содржи одредбите за тоа во чија корист и за кои потреби се врши експроприацијата и за предметот на експроприацијата.

Член 4

Во случај на експроприација во корист на државата актот за експроприација го донесуе:

а) Владата ФНРЈ ако експроприацијата се врши за потреби од општодржавно значење, или ако би имала експроприацијата да го обване имотот од подрачја на две или повекје народни републики;

б) Министерот на народната одбрана ако се врши експроприацијата за воени потреби или за потреби на народната одбрана;

в) владата на народната република ако се врши експроприацијата за потреби од општо значење за републиката, или ако би имала експроприацијата да го обване имотот од подрачја на два или повекје округа од иста народна република или две или повекје околии на народна република во која што нема окрузи;

г) Главниот извршни одбор на Народната скупштина на Автономната покраина Војводина и Областниот извршни одбор на Областниот народен одбор на Косовско-метохиската област ако се врши експроприацијата за потреби од општо значење за автономната покраина односно автономната област, или ако би имала експроприацијата да го обване имотот од подрачја на две или повекје околии на автономната покраина односно автономната област;

д) извршните одбори на областен народен одбор и окружен народен одбор ако се врши експроприацијата за потреби од локално значење за област односно округ или ако би имала експроприацијата да го обване имотот од подрачја на две или повекје околии од иста област односно округ;

ѓ) извршните одбори на околиски народен одбор и градски народен одбор ако се врши експроприацијата на имотот на подрачје на околијата односно градот за потреби од локално значење. Извршните одбори на околиски народен одбор донесуат акт за експроприација, по предлог на месниот народен одбор, а за потреби на местото.

Повисок орган може да овласти понизок орган, на чието подрачје се наоѓа имотот кој што е предмет на експроприација, да донесе акт за експроприација за кој што по претходниот став е надлежен тој повисок орган.

Член 5

Во случај на експроприација во корист на кооперација, кооперативни и други организации актот за експроприација го донесуе, на нивни предлог, околискиот односно градскиот извршни одбор на чието подрачје се наоѓа имотот кој што е предмет на експроприација.

Член 6

Актот за експроприација кој што го донесуат околиски, градски, окружни и обласни извршни одбор како и главниот извршни одбор се поднесуе на потврда на владата на народната ребублика.

Член 7

Експроприацијата може да биде потполна или делимична.

Потполна е онаа експроприација со која што имотот односно правото на имотот се одзема од неговиот сопственик односно имател

Делимична е онаа експроприација со која што на имот од друг се установуе службеност или наем.

Член 8

Привремено може да се завземе имот заради негово користење во цел на изведуење работи од чл. 1 на овој закон, без одземање правото на сопственост на него.

Ова завземање престанує штом ке престане потребата заради која што е одредено.

Член 9

Во случај на потполна експроприација на недвижност експроприацијата се односує и на зградите и постројките кои што се наоѓаат на неа, доколку се сметаат за недвижности по правилата на граѓанското право. Останатите постројки сопственикот е должен да ги уклони, во кој случај ке му се накнадат трошковите спрема ст. 3 на овој член.

Ако зградата од претходниот став служи за сместуење на такво индустриско или друго претпријатие со машински уреѓаи на кое што експроприацијата изрично не се однесує, експроприацијата ги обвакја уградените инсталации, кои што по правилата на граѓанското право се сметаат како составен дел на зградата, само тогаш ако после одвојуењето од зградата не можат повеќе корисно да се употребат. Во противно сопственикот е должен да ги уклони ваквите инсталации во кој случај ке му се накнадат трошковите спрема ст. 3 на овој член.

Под трошкови од претходните ставови се разбираат потребни трошкови како за уклонуење инсталации така и за нивниот пренос и сместуење на друго место односно за повторно инсталирање во друга зграда.

Член 10

Ако заради експроприација на еден дел на недвижност нејзиниот преостанат дел постане неупотребив за сопственикот, може на негово барање да се експроприра и преостанатиот дел.

Накнада

Член 11

На сопственикот ке му се даде накнада за експроприраниот имот.

Накнадата ке се даде во височина на средната прометна вредност, која што експроприраниот имот ја има на ден на процената.

При одредуењето на таа вредност не се зема во оглед изгубената добивка ни нарочната вредност која што имотот може да ја има лично за сопственикот. Исто така не се земаат во оглед поправките и поарнуењата кои што ги изврши сопственикот или кои што на друг начин настанат после забележбата на експроприацијата во земјишните (интабулационите, заставните) книги.

Член 12

Во случај на делимична експроприација накнадата ке се даде само тогаш ако недвижноста заради со експроприацијата установена службеност изгубила од својата дотогашна прометна вредност. Во овој случај накнадата ја претставує таа смалена вредност и се дава еднаш за секогаш.

Во случај на наем накнадата се состои од наемнината на наемниот имот, сметајќи од денот на неговото земање во посед.

Член 13

Накнадата за привремено завземање се состои од еднократна накнада или од наемнината на завземениот имот, сметајќи од денот на неговото земање во посед.

Член 14

Ако е потполно или делимично експроприрана или привремено завземена недвижност засеана, па со приносот од неа сопственикот односно поседникот не може да се користи заради експроприацијата, накнадата ја обвакја и вредноста на средниот принос од таа сеидба.

Член 15

Накнадата за имотот експроприран во корист на државата може да се состои како во пари така и во државни обвезници, а во случај на експроприација на недвижност и во давање друга недвижност во замена за експроприраната.

Накнадата во пари и во недвижност ке се одреди ако експроприраниот имот претставуел едини или најважен извор за издржуење на сопственикот, неговата блиска фамилија и лица кои што сопственикот е должен да ги издржує.

Во случај на експроприација која што не се врши во корист на државата, накнадата може да се состои само во пари или во давање на друга недвижност во замена за експроприраната.

Ако, во случај на замена на недвижноста, на експроприраната недвижност постоат терети тие ке се пренесат на недвижноста која што се дава во замена.

Член 16

Владата ФНРЈ ке пропише со уредба поблиски одредби за издавање државни обвезници за накнадата на експроприраниот имот, за употребата во промет, каматите, начинот и срокот на амортизацијата на овие обвезници.

Постапка

Член 17

Постапката на експроприацијата ја спроведуат околиски односно градски експроприациони комисии врз основа на прописите од овој закон и актот за експроприација.

Член 18

Околиската експроприациона комисија се состои од:

1) еден судија на надлежниот околиски суд;

2) еден одборник на надлежниот местен народен одбор;

3) еден одборник на надлежниот околиски народен одбор.

Членови како и претседател на околиска комисија од редот на членовите одредуе околискиот извршни одбор.

Ако се врши експроприацијата за потреби на повисок државен орган од околиски народен одбор, во околиската комисија влегуе и еден претставител од тој повисок државен орган кој го одредуе овој или друг орган кого ке го овласти тој.

Член 19

Градска експроприациона комисија се состои од:

1) еден судија на надлежниот околиски суд;

2) еден одборник на надлежниот градски народен одбор, а ако во комисијата не влегуе претставител на повисок државен орган по ст. 3 на овој член, од два одборника на градскиот народен одбор.

Членови како и претседател на градска комисија од редот на членовите одредуе градскиот извршни одбор.

Ако се врши експроприацијата за потреби на повисок државен орган од градскиот народен одбор, во градската комисија влегуе и еден претставител од тој повисок државен орган кого го одредуе овој или друг орган кого ке го овласти тој.

Член 20

Околиската односно градската експроприациона комисија ке одреди потребни проценители, а по барање на претседателот на комисијата, ке и се стават на располагање потребни стручњаци.

Член 21

Државниот орган односно кооперација или организација, за чиите потреби се врши експроприацијата, ке и поднесат на комисијата писмени подаци за предметот на експроприацијата, како и други подаци кои што се потребни за правилно спроводуење на експроприационата постапка.

Ако катастарските и земјишнокнижните подаци не можат да се поднесат заради тоа што катастарски планови и земјишни книги не постоат или се уништени со војната, односните подаци ке се означат со опишуење имотот и со друг згоден начин.

Комисијата може да бара дополнуење на овие подаци, а може и сама или преку надлежни државни органи поднесените подаци да ги проверуе и дополнуе.

Доколку е за прибавуење подаци од претходните ставови потребно да се извршат работи на премеруење или прегледуење на имотот, нејзиниот сопственик должен е тоа да го дозволи.

Член 22

Претседателот на комисијата ке го одреди со решење времето и местото на првиот состанок на комисијата. Во решењето ке се наведе презиме, име, занимавање и пребивалиште на членовите на комисијата, проценителите како и сопственикот на имотот кој што е предмет на експроприација. Сопствениците и другите заинтересирани лица ке се повикаат со ова решење да присаствуат на состанокот на комисијата, со забелешка да нивного отсаство нема да го спречи работењето на комисијата.

Ова решење ке се достави:

1) на надлежниот местен народен одбор односно на градскиот извршни одбор кој што ке го објави на уобичаен начин и јавно ке го истакне во своите простории;

2) на државниот орган односно кооперација или организација, за чиите потреби се врши експроприацијата, со позив да одреди свој застапник во постапката на експроприацијата.

Член 23

Од кога претседателот на комисијата на првиот состанок ке им го објави на присатните почетокот на работењето на комисијата, оваа на самото место ке изврши преглед, попис и процена на имотот кој што е предмет на експроприација.

За своето работење комисијата води записник во кој што ги внесуе сите потребни подаци за донесуење решењето за експроприација (чл. 29), изјави, приговори и барања на заинтересираните лица, како и заклучци кои што комисијата ги донела Записникот го потпишуе претседателот на комисијата и записничарот.

Член 24

Комисијата, штом ке го изврши пописот и процената на имотот, ке му го предаде овој имот во посед на државниот орган односно кооперација или организација за чии потреби се врши експроприацијата.

Ако на предаденото земјиште постоат згради или постројки, нивното уринање и уклонуење не може да се изврши пред утврдуењето на нивната вредност по прописите на овој закон, или пред но што преку надлежниот околиски суд ке се изврши обезбедуење на докази врз основа на кои што може дополнително да се изврши процена по прописите на овој закон.

Член 25

Со актот за експроприација може да се одобри во хитни случаи, на државниот орган односно на кооперацијата или организацијата, за чии потреби се врши експроприацијата, да им се предаде одреденот имот во посед и пред неговиот попис и процена од страна на комисијата.

И во овој случај важи одредбата на чл. 24 ст. 2 на овој закон.

Член 26

Штом се поднесат или присоберат писмени подаци за предметот на експроприацијата (чл 21), комисијата ке побара од надлежниот околиски суд да изврши забележба на експроприацијата во земјишните (интабулационите, заставните) книги.

Член 27

Околискиот суд, штом го прими барањето на комисијата за забележба на експроприацијата ке го заведе во земјишнокнижниот дневник, (деловодни протокол на интабулации, застави) и по службената должност ке нареди забележба на експроприацијата во земјишните (интабулационите, заставните) книги

Од денот на уведуењето на ова барање во земјишнокнижниот дневник (деловодниот протокол на интабулации, застави) сопственикот на имотот го губи правото на неговото отуѓуење и оптеретуење, на промената на дотогашната култура на земјиштето и на превземање било какви работи на тој имот.

Член 28

Од кога ке изврши попис и процена комисијата ке одржи јавна усмена расправа заради утврдуење на фактичната и правната состојба во поглед на имотот кој што е предмет на експроприација и заради одредуење обемот на експроприацијата и износот на накнадата, со цел на донесуење решење за експроприација (чл. 29).

На оваа расправа ке се повика застапникот на државниот орган односно на кооперацијата или организацијата, за чиите потреби се врши експроприацијата, сопствениците на имотот и другите заинтересирани лица.

Член 29

По завршената усмена расправа комисијата донесуе решење за експроприацијата односно за при-

времето земање на користење имотот, одделно за секој сопственик.

Решението на комисијата содржи особено:

а) во чија корист е извршена експроприацијата;

б) точно одредување предметот на експроприацијата;

в) точен износ на накнадата;

г) одредување да ли накнадата ке се даде во пари, државни обвезници или во давање во замена друга одредена недвижност.

Ова решение, потпишано од претседателот и членовите на комисијата ке му се достави на државниот орган односно кооперацијата или организацијата за чиите потреби се врши експроприацијата, на сопствениците на имотот и на другите заинтересирани лица.

Член 30

Против решението на комисијата, донесено по претходниот член, има место на жалба до надлежниот окружни суд во срок од 8 дена по приемот на решението.

Решението на окружниот суд е конечно.

Член 31

Врз основа на правосилно решение за експроприација околискиот суд, по барање на комисијата, ке ја брише забележбата на експроприацијата и ке изврши пренос и укнижба на правото на сопственост односно на другите експроприрани права на корисникот на експроприацијата, со ред на првенство кое што го има забележбата на експроприацијата.

Аналогно на одредбата од претходниот став ке се постапи и во поглед на преносот на правото на сопственост на недвижности која што му се дава на поранешниот сопственик на експроприраниот имот во замена.

Исто така околискиот суд во земјишните (интабулационите, заставните) книги по барање на експроприационата комисија ке изврши други уписи наредени со правосилно решение на комисијата.

Член 32

Одма по правосилноста на решението за експроприација комисијата ке издаде налог на државниот орган односно кооперацијата или организацијата, за чии потреби е извршена експроприацијата, да постапи спрема тоа решение во поглед на накнадата на поранешниот сопственик на експроприраниот имот.

Член 33

Во поглед на заштита предметите од особена култура, уметничка или историска вредност важат прописите од Општиот закон за заштита на споменициите на култура и природни реткости од 1 октомври 1946 година.

Член 34

Експроприационите комисии и окружните судови, во предметите на експроприацијата по овој закон, ке постапуат спрема правилата на вонпарничната постапка.

Член 35

Трошковите на експроприационата постапка (комисијата, проценителот, стручњаците, помошниот персонал, утрошениот материјал) ги сноси државниот орган односно кооперацијата или организацијата, за чии потреби се врши експроприацијата. Тие ги сносат и таксите за укнижба, забележба и бришење во земјишните (интабулационите, заставните) книги, доколку со одделни законски прописи не се ослободени од плаќање на овие такси.

За случај на експроприација не се плаќа данок на промет на производи и услуги.

Преодни и завршни одредби

Член 36

Експроприационата постапка, започната по прописите кои што се издадени од надлежните државни органи во Федеративна Народна Република Југославија до влегувањето во сила на овој закон, ке се продолжи по тие прописи, а во поглед на накнадата важат прописите на овој закон.

Член 37

Со влегувањето во сила на овој закон престануат да важат сите досегашни прописи за експроприација, освен случаите од претходниот член.

Член 38

Дополнски закони на народните републики можат да пропишат поблиски одредби за постапка на експроприационите комисии.

Се овластуе Министерот на правосудието, ФНРЈ да донесуе во согласност со Претседателот на Владата ФНРЈ напатствие за спроведување на овој закон.

Член 39

Овој закон влегуе во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У. бр. 632

1 април 1947 година

Белград

Претседателство на Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар
Миле Перуничич, с. р.

Претседател,
др **Иван Рибар**, с. р.

210.

УКАЗ

По предлог од Владата ФНРЈ, а на основа членот 74 точка 16 Уставот ФНРЈ, Претседателството на Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

прогласуе

за претпријатија од општодржавно значење следни претпријатија:

1) Јавни складишта д. с. о. ј. во Љубљана;

2) Царински јавни складишта д. д. во Загреб.

У. бр. 485

21 март 1947 година

Белград

Претседателство на Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничич, с. р.

Претседател,
др **Иван Рибар**, с. р.

211.

На основа чл. 74 ст 1 точ. 5 Уставот ФНРЈ, а во цел на правилна примена на законот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ дава

ОБВЕЗНО ТОЛКУЕЊЕ

НА ЧЛ. 5 СТ. 2 ЗАКОНОТ ЗА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТОТ И ЗА ИЗВРШУЕЊЕ КОНФИСКАЦИЈАТА ОД 27 ЈУЛИ 1946 ГОДИНА

Чл. 5 ст. 2 на Законот за конфискација на имотот и за извршуење конфискацијата пропишуе да државата одговара за обвезите на осудено лице чиј имот е конфискуен, до височина на вредноста на конфискуениот имот и тоа само ако обвезите настанале пред извршуење на делото. Како целта на овој пропис е да ја заштити државата од штета која што би ја претрпела со плаќање долгови кои што осудениот ги засновал после извршуење на делото со намера да ја осуети конфискацијата, тоа кога се работи за барањата на државните стопански претпријатија, овој пропис не исклучуе возможност државата вакви барања да ги признае и исплати и тогаш ако настанале после извршуење на делото, оти во вакви случаи не постои опасност од оштетуење државата. Спрема тоа, државните стопански претпријатија, чии барања кои што настанале после извршуење на делото, ке бидат признаени во постапката на конфискацијата од страна на надлежниот државен орган, ке учествуе во намирувањето од конфускуениот имот конкурентно со барањата на другите поверители кои што настанале пред извршуење на делото, оти наведениот законски пропис не установуе во корист на овие поверители право на првенство.

19 март 1947 година
Белград

Президиум на Народната скупштина
на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничиќ**, с. р. Претседател, др **Иван Рибар**, с. р.

212.

На основа чл 1 Законот за овластуење на Владата ФНРЈ за донесуење уредби по прашањата од народното стопанство, по предлог од Министерот на индустријата ФНРЈ и Министерот на поледелството и шумарството ФНРЈ, Владата ФНРЈ пропишуе

УРЕДБА

ЗА СТРИЖЕЊЕ И ОТКУП НА ВОЛНА ВО ЕКОНОМСКА 1947—1948 ГОДИНА

Член 1

Во цел на планско искористуење и расподелба на количините на домашната волна, стрижење и откуп на волната на целото подрачје на Федеративна Народна Република Југославија во економска 1947—1948 година ке се врши по прописите на оваа уредба.

Член 2

Министрите на поледелството во согласност со министрите на индустријата на народните републики ке одредат време и начин на стрижење овци и овни и ке одлучат за стрижење јаганца во односните народни републики.

Министрите на индустријата на народните републики ке одредат претпријатија кои што ке вршат откуп на волната.

Време и начин за откуп на волната ке пропише Министерот на индустријата ФНРЈ во согласност со Министерот на поледелството и шумарството ФНРЈ.

Член 3

Местен народен одбор ке состави во два примерка, најдалеку до 15 април 1947 година, списоци на газдинствата кои што имаат овци, овни и јаганца со точен број на грлата и ознака на сортата (праменка или цигаја).

Во случај на сомнение за сортата на извесни грла месниот народен одбор ке побара по најкус пат мислење од поледелскиот отсек на околискиот народен одбор.

Списокот ке ги обване сите оние газдинства чии грла се навогјаат на територија на тој местен народен одбор без оглед на тоа да ли газдинството се навогја или не на оваа територија.

Едниот примерок од овие списоци месниот народен одбор ке го задржи за себе а другиот примерок ке го достави на министерството на индустријата на народната република заради предавачка на претпријатието овластено за откуп.

Околиските народни одбори ке се грижат овие списоци благовремено и правилно да се состават и во таа цел ке укажат помошт на месните народни одбори.

Член 4

Газдинствата кои што имаат овци, овни и јаганца се должни на претпријатието за откуп волна или на лицето овластено од претпријатието да предаваат, заради откуп по одредени цени, и тоа:

а) газдинства кои што имаат до пет грла не ке предаваат волна;

б) газдинства кои што имаат до десет грла ке предадат од секое грло на праменка 600 гр, од секое грло на цигаја 1200 гр и од секое јагне 100 гр волна;

в) газдинства кои што имаат до 30 грла ке предадат од секое грло на праменка 650 гр, од секое грло на цигаја 1300 гр и од секое јагне 150 гр волна,

г) газдинства кои што имаат преку 30 грла ке предадат од секое грло на праменка 700 гр, од секое грло на цигаја 1400 гр и од секое јагне 200 гр волна

Министрите на индустријата во согласност со министрите на поледелството на народните републики можат, во односните народни републики, оваа количина обвезна за предавачка да ја повишат на оние газдинства кои што имаат преку 30 грла.

Волната од јаганца ке се предава во оние народни републики во кои што министерот на поледелството во согласност со министерот на индустријата ке одлучи за стрижење јаганца

Волната ке се предава во цели нераскинати руна без никакви примеси.

Член 5

По испорачка на одредените количини на волна, газдинствата можат со остатокот на волната слободно да располагаат

Доколку газдинство предаде заради откуп на овластено претпријатие и оние количини на волна кои што му останале на слободно располагање, претпријатието ке му издаде на старешината од газдинството потврда за тоа Во потврдата мора да биде назначено да волната која што е оставена на слободно располагање е предадена.

Член 6

Индустриски претпријатија од општодржавно и републиканско значење волната, добиена со прера-

ботка на кожи, не ке ја предаваат на претпријатијата за откуп волната, но ке ја пријавуат на својот административно-оперативен раководач од кого ке добиваат напатствија за предавачка на истата.

Претпријатијата од локално значење како и сите други лица кои што се занимаваат со преработка на кожи должни се да на секој прв и петнаесетти во месецот му ја предадат на одреденото претпријатие за откуп волната сета количина на волната добиена со преработка на кожи.

Член 7

Расподелба на откупени количини на волна ке врши Министерството на индустријата ФНРЈ.

Член 8

Со влегањето во сила на оваа уредба престануат да важат сите прописи кои што се во противност со неа.

Член 9

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

3 април 1947 година
Белград

Претседател на Владата ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на индустријата,
Борис Кидрич, с. р.

Министер на земјоделството и шумарството,
др **Васо Чубриловиќ**, с. р.

213.

На основа членот 1 Законот за овластување на Владата ФНРЈ за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и членот 4 Законот за учениците во стопанството, Владата ФНРЈ, по предлог на Министерот на трудот ФНРЈ, пропишуе

УРЕДБА

ЗА ПЛАТИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ ВО ГРАЃЕВИНАРСТВОТО

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

На работниците и учениците во граѓевинарството им се одредуе плата спрема нивната спрема, способноста за работење, видот на работата и условите на работењето.

Член 2

По спремата работниците во граѓевинарството се делат на овие четири категории:

I. — категорија: неквалификовани работници;

II. — категорија: полуквалификовани (поучни) работници;

III. — категорија: квалификовани работници; и

IV. — категорија: високо квалификовани работници-специјалисти.

Заради правилно одредување на платите внатре на секоја категорија се установуат платни групи спрема видот на работењето.

Работниците од I категорија се распоредуат во 1, 2, 3 или 4 платна група.

Работниците од II категорија се распоредуат во 4, 5, 6, или 7 платна група.

Работниците од III категорија се распоредуат во 7, 8, 9 или 10 платна група.

Работниците од IV категорија се распоредуат во 10, 11 или 12 платна група.

Министрите на трудот на народните републики во согласност со министрите на градежите на народните републики ке издадат поблиски напатствија за распоредување на работниците.

Член 3

Учениците во стопанството се распоредуат во две платни групи.

Во првата група се распоредуат учениците во стопанството до навршени шест месеци учење, а во втората група ученици после навршени шест месеци учење.

Во втората група ке се распоредуат оние помошни работници кои што на иста градежна работа дека работеле најмалку шест месеци, а доколку располагаат со соодветно знаење или доколку ке пристанат да бидат уврстени во ученици спрема прописите на Законот за учениците во стопанството.

Член 4

Распоредот на работниците и учениците во платни групи го врши директорот на претпријатието односно раководачот на установата или организацијата или приватниот работодавач (во натамошниот текст „претпријатие").

Ако работник не може да постигне ефекат на работењето пропишан за неговата платна група или за таа платна група не одговара по своите квалификации, може да биде распореден во пониска платна група.

Член 5

На секој работник му е загарантирана основната плата на онаа платна група во која што е распореден.

Работници кои што се платени спрема ефектот на работењето доколку ке ја префрлат одредената норма на работењето, ке примаат плата спрема постигнатиот ефект на работењето.

Работници на кои што им е невозможно да им се одреди норма на работењето можат во случај на особено заложување и успех во работењето да добијат вонреден додаток.

Член 6

За време на прекинување на работење до кое што дошло без вина на работниците, како на пр.: заради атмосферски прилики, немање материјал и слично, работниците имаат право на 2/3 на платата.

Член 7

На работник кому што службата му биде откажана по истекот на осум месеци, а пред навршетокот на 11 месеци на непрекинато запослување кај исто претпријатие, ке му се исплати заработуачката за сразмерен број денови на годишен одмор, земајќи за 11 месеци да му припаѓа право на 12 платени дена. Неполни денови се сметаат како полни. После навршени 11 месеци на непрекинато запослување и за работници запослени на градежни работи важат во целост прописите на Уредбата за платен годишен одмор на работници, намештеници и службеници.

II ПЛАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

а) Основна плата

Член 8

Основни плати спрема платните групи се:

Динари на саат	Динари на саат
1 група 9 —	7 група 12.50
2 група 9 50	8 група 13.50
3 група 10 —	9 група 14.50
4 група 11 —	10 група 16.—
5 група 11 50	11 група 17.—
6 група 12 —	12 група 19.—

Член 9

Основната плата на предработник поголема е најповеќе дин. 2.— од платната група во која што е распореден.

За предработник се смета оној неквалификован, полуквалификован, квалификован или високо квалификован работник кој што раководи со група работници и одговара за нивното работење, а заедно и сам учествуе непосредно во работењето на групата.

б) Позголемуење на основната плата

Член 10

Основната плата може за сите или за поедини струки односно категории на работници да се позголеми, и тоа:

на градби на I категорија до 40%
на градби на II категорија до 30%
на градби на III категорија до 20%
на градби на IV категорија до 10%

На работници запослени на градби кои што не се распоредени ни во една од овие категории основната плата не им се позголемуе

Решение за тоа кои градби се сметаат за градби на I, II III и IV категорија донесуе Претседателот на Сојузната планска комисија во согласност со Претседателот на Стопанскиот совет на Владата ФНРЈ и Министерот на градежите ФНРЈ. За ова решение се обавестуе Министерството на трудот ФНРЈ.

Член 11

На работници запослени на тешки работи, на работи во жешки погони, како и на работи штетни по здравјето и опасни по животот основната плата им се позголемуе, и тоа:

а) на тешки работи со 5% до 10%;
б) на работи во жешки погони со 8% до 15%;
в) на работи штетни по здравјето или опасни по животот со 10% до 25%

Доколку довоѓа во оглед позголемуењето на основната плата по повеќе основи од претходниот став, соодветните постоци се собираат со тоа, да собирот на сите постоци не може да биде поголем од 35%.

Министерот на трудот ФНРЈ, во согласност со Министерот на градежите ФНРЈ, ке одреди со правилник кои работи имаат да се сметаат тешки, штетни по здравјето и опасни по животот, како и кое работење ма да се смета за работење во жешки погони.

Член 12

На работници запослени непрекинато кај исто претпријатие основната плата им се позголемуе, и тоа:

а) после три месеци со 5%;
б) после шест месеци со 10%;
в) после девет месеци со 15%.

Во непрекинато запослуење од претходниот став се засметуе и запослуењето кај друго претпријатие доколку прекинуењето на запослуење уследило заради преместуење, превземање или заради распоред од страна на органите за планска расподелба на работната сила. Претходното запослуење се засметуе и во случај, ако дошло до прекинуење заради завршуењето на работата односно нејзиното сезонско прекинуење или смалуење на обемот, под услов работникот во срок од 15 дена по прекинуењето на работата да им се пријави на органите за посредуење на трудот како и да на новата работа стапил по нивни позив односно пред тој позив.

III. — АКОРДНА ПЛАТА

Член 13

За да би се наградиле правилно со акордна плата работниците кои што ја префрлуат работната норма, се утврдуе ефектот на работењето кое што работникот треба да го достаса во нормално работно време (норма на работењето). Доколку е ефектот на работењето поголем, на работникот му се одредуе плата сразмерно на ефектот на работењето.

IV. — ДОДАЦИ

Член 14

Во кои случаи и во која височина се дава вонреден додаток (чл. 5 ст. 3) одредуе министерот на градежите на народната република во согласност со министерот на трудот на народната република, со тоа да овој додаток може да изнесуе најповеќе 20% од платата на дотичниот работник.

Член 15

На квалификовани и неопходно потребни полуквалификовани работници кои што претпријатието ги испраќа или повикуе на работа или на претпријатието му се испратени од страна на органите за посредуење на трудот од местата на нивното постојано живеење во друго место, им припаѓа додаток во износ од 10% ако се вршат работите во градови, односно додаток од 25% ако се вршат работите извон од градовите.

Како основ за пресметуење на додатокот од претходниот став служи основната плата пресметана за осумчасовно работно време.

Додатокот од ставот 1 на овој член припаѓа само во случај ако е далечината меѓу местото на работењето и местото на постојаното живеење толкова, да не може дневно да се оди од местото на постојаното живеење на местото на работењето и обратно.

Прописите на Решењето на Претседателот на Стопанскиот совет на Владата ФНРЈ и Министерот на финансиите ФНРЈ, бр. 4921, за теренскиот додаток („Службен лист ФНРЈ" бр. 75/46) не ке се применуат на работниците во граѓевинарството.

Член 16

На работник му припаѓа додаток од 175.— динари месечно односно 7.— динари дневно за секое дете.

Поблиски одредби за условите и начинот на исплатата на овој додаток пропишуе Министерот на трудот ФНРЈ.

V. — ПАТНИ ТРОШКОВИ, СТАНОВАЊЕ И ИСХРАНА НА РАБОТНИЦИ

Член 17

Претпријатието е должно на работниците да им го накнади превозниот трошок од местото од каде

се испратени на работа до местото на работењето и назад. Во случај на преместување од една градба на друга или од едно претпријатие во друго, на работниците за време на патување им припагја право на изгубената плата, како и на патни трошкови по постоекјите прописи.

Член 18

На работници запослени на работи кои што се вршат вон од местото на нивното постојано живеење, претпријатието е должно да им даде жилиште како и да им обезбеди храна во менза по режиски цени, освен во случај кога се во прашање работи од кусо траење или работи на кои што е запослен помал број на работници. Во калкулацијата на цената на исхраната не влегуат трошковите за изградба или закупнина на кухинските простории нити трошковите на кухинскиот уредјај.

Доколку претпријатието не ке постапи по прописите од претходниот став, како и во случај кога се во прашање работи од кусо траење или работи на кои што е запослен помал број работници, должно е да им плати на работниците додаток од динари 15.— до 30.— дневно.

Раководач на претпријатие кој што не ке постати по прописите од ставот 1 на овој член подлежуе на санкции по прописите на Законот за инспекцијата на трудот.

VI. — ПЛАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО

Член 19

Основни плати на учениците во стопанството по платните групи се:

1 група динари 5.— по саат
2 група динари 5.— до 7.— по саат.

Член 20

На ученик во стопанството кој што постигне учинок и квалитет на работењето на квалификован работник, се одредуе основна плата во износ од 80% до 90% од износот на најниската основна плата на квалификован работник. Оваа основна плата му се одредуе на ученикот во стопанството за кого е предвидено учење од година дена после 8 месеци учење, а на ученикот за кого е предвидено учење од две години — после 12 месеци учење.

На ученик во стопанството основната плата од претходниот став му припагја само за време кое што го проводи на работа, додека за останатото време, за кое што има право на плата по прописите на Законот за учениците во стопанството, плата му се одредуе по чл. 19 на оваа уредба.

Член 21

Прописите на членот 10, 11, 15, 17 и 18 на оваа уредба се однесуат и на учениците во стопанството.

Учениците во стопанството не можат да се плакјаат спрема работниот учинок.

VII — РАБОТНО ВРЕМЕ

Член 22

Редовно работно време во грагјевинарството изнесуе осум саати дневно.

Член 23

Редовното работно време во грагјевинарството може да биде покусо од осум саати доколку тоа го бара тежината на работите или условите на работењето.

Министерот на трудот ФНРЈ одредуе за кои работи и колку изнесуе скусеното редовно работно време.

Во случаите во кои што редовното работно време изнесуе помалку од 8 саати, на работникот му припагја плата за осум саати.

Член 24

Работното време во грагјевинарството може да се продолжи само во следните случаи:

а) кога е потребно претпријатието да се обезбеди од штета во случај на виша сила (поплава, пожар и на тоа слично) или да се отстранат пречките за нормалното функционисање на претпријатието;

б) во случаи на извонредна државна потреба;

в) кога е неопходно потребно да се спречи расипуењето на материал или сировини;

г) кај работи кои што по својата природа или јавниот интерес мораат без прекинување да се вршат преку смени, доколку нема достаточен број на стручни работници за соодветниот број смени;

д) кога тоа самиот развој на работите на претпријатието односно поврзаноста на работите неопходно го бара;

гј) кај работи кои што неизбежно мораат да се вршат за да би се обезбедил нормалниот почеток и завршеток на работењето; и

е) кај исклучиво сезонски работи чието вршење е условено со атмосферски прилики.

Работното време од точ. д) и гј) може да се продолжи најповеќе до два саата дневно, а од точката г) и е) најповеќе до 4 саата дневно.

Дозвола за продолжуење работното време дава органот надлежен по Законот за инспекцијата на трудот по образложено барање на претпријатието. Одлуката за продолжуење на работното редовно време мора да содржи и срок на траењето на дозволата. Во случаите од точ. а), б) и в) од ставот 1 на овој член претпријатието може и само да го продолжи работното време, но должно е одма а најдалеку во срок од 24 саати за тоа да го извести надлежниот орган на инспекцијата на трудот, кој што, ако најде оти се разлозите за продолжуење на времето оправдани, ке даде дополнително одобрување.

Член 25

Продолжуење на работното време во смисла на членот 24 се смета за прекувремено работење.

Прекувременото работење се плакја 50% повеќе од платата која што припагја за работење во редовно работно време.

Член 26

Забрането е прекувремено работење на работници под 16 години, трудни жени со навршени четири месеци на труднокја и мајки доиљи до заклучно осум месеци доење. За мајки доиљи може срокот на оваа забрана да биде продолжен врз основа на лекарско мислење.

Член 27

За работење на денот на неделниот одмор платата е за 50% поголема од платата на работен ден.

Член 28

На денови на државни празници, доколку овие не ке паднат во денот на неделниот одмор, работниците и учениците во стопанството макар да не работат имаат право на плата која што им припагја за редовно работно време на работен ден. Оваа плата се исплатуе во вид на временска плата и во случај ако е работникот инаку платен по работниот учинок.

Доколку работниците и учениците во стопанството на деновите на државни празници работат имаат право покрај платата од претходниот став и на плата на работен ден пресметана спрема времето стварно проведено на работа односно спрема постигнатиот работен учинок.

За работење на ден на државен празник кој што ке падне во ден на неделниот одмор важи прописот на чл. 27.

Член 29

Доколку на денот на неделниот одмор или државниот празник се работи и преку траењето на редовното работно време, позголемуењето за прекувремено работење се пресметуе врз основа на платата на работниот ден.

Член 30

За постојано нокјно работење припагја додаток од 12,50% на платата

За нокјно работење се смета работење кое што се врши од 22 до 6 саатот

Забрането е нокјно работење на работници под 16 години, трудни жени со навршени четири месеци труднокја и мајки доиљи до заклучно осум месеци доење. За мајки доиљи може срокот на оваа забрана да биде продолжен врз основа на лекарско мислење.

Член 31

Позголемуењето од членот 25 и 27 како и додатокот од членот 30 се пресметуе врз основа на соодветната временска плата макар да работникот инаку е платен по работниот учинок.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Работници кои што вршат работи на квалификован работник, а немаат пропишан стручен испит, ке се распоредат во платни групи кои што одговараат на категоријата на квалификовани работници Ова разврстуење трае најдолго до 31 декември 1948 година.

Член 33

До донесуењето на специални прописи за регулирање принадлежностите на пословогји за истите ке важат прописите на оваа уредба со тоа да на пословогјата му припагја основна плата во височина на највисока основна плата во работилница, одделење или работилиште со кое што раководи.

На пословогјата плата му се позголемуе сразмерно со средниот постоток во кој што е работната норма во работилницата, одделењето или работилиштето со кое што раководи префрлена. При ова се земаат во оглед како случаите (работните места) во кои што е работната норма префрлена, така и оние во кои што е достасана или не е исполнета.

Член 34

До донесуењето на поблиски одредби во поглед на потешко работење, работење штетно по здравјето и опасност по животот, како и работење во жешки погони (чл. 11) ке се применуе и натаму прописот на чл. 3 ст. 1 Уредбата за регулирање надниците и платите на работниците и учениците во државно-стопанските и приватните претпријатија, приватните установи и организации.

Член 35

Додаците од чл. 15, 16 и 18 не влегуат во основицата за одредуење височината на доприносот на социалното осигуруење.

Член 36

Извршуење за побаруења по основот на алиментација може да се врши само на 1/2 од платата, а за други приватно-правни побаруења само на 1/3 од платата.

Член 37

Напатствија за спроведуење на оваа уредба ке издава по потреба Министерот на трудот ФНРЈ.

Член 38

Оваа уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

29 март 1947 година
Белград

Претседател на Владата ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на трудот,
Вицко Крстулович, с. р.

214.

На основа чл. 10 Уредбата за оснивање и работење на техничките претставништва (репрезентации) на инострани претпријатија и установи пропишуам

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗВРШУЕЊЕ УРЕДБАТА ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА (РЕПРЕЗЕНТАЦИИ) НА ИНОСТРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И УСТАНОВИ

I

Делокруг на работењето

Член 1

Во делокруг на работењето на техничко претставништво (репрезентација) спагја:

1) давање подаци и разјаснуења за производите на претпријатието на кое што дотичното техничко претставништво (репрезентација) му припагја;

2) грижа за уредна испорачка, исправно монтирање од дотичното претпријатие односно установа на набавените постројки, урегјаи и апарати спрема барањата на купуачите на Југославија и вршење други услуги во врска со употребата на односните предмети; и

3) вршење служба по дадените гаранции од дотичните инострани претпријатија односно установи во поглед на квалитетот и другите особини на испорачаните предмети.

Член 2

Под давање подаци и разјаснуење од точ. 1 на претходниот член се поразбира и давање обавестуење за условите на продавачката на односните производи (цена, квалитет, начин и срок на плакјањето, начин и срок на испорачаката, гаранции и на тоа слично), како и доведуење во работна врска домашни интересенти со односното инострано претпријатије или установа.

Во таа цел техничко претставништво може да изложуе узроци од производите на своето матично претпријатие или установа, да ги демонстрира, да ги запознава интересентите со новитети на производи од своето претпријатие или установа, да соработуе во одржуење стручни курсеви со цел на оспособуење стручни кадрови за исправно ракуење, употреба, поправање и одржуење во исправна состојба на постројките, урегјаите, машините и апаратите набавени од односното претпријатие или установа и со тоа во врска да дава стручни совети.

Член 3

Под грижа за уредна испорачка, исправно монтирање и вршење на други услуги од точ. 2 чл. 1 на овој правилник се подразбира и давање напат-

ствија за најрационално ползуење односните постројки, уредјаи, машини и апарати како и продавачка на поедини резервни делови и соодветен прибор на домашните имаатели на односните постројки, уредјаи, машини и апарати.

Техничкото претставништво, како непосреден ополномошник на своето претпријатие или установа, може да преговара со домашните интересенти со цел на олеснуење, побрзуење и упростуење на работните врски како и за техничките, комерциалните и другите услови на поедини испорачки.

Техничкото претставништво може да врши и техничка стручна служба која што ја бараат поедини испорачки почнуејќи од заснивањето па се до потполната ликвидација на договорената работа.

Член 4

Под вршење на службата по дадените гаранции од точ. 3 чл. 1 на овој правилник се подразбира како поправањето и одржуењето на постројки, уредјаи, машини и апарати, така и снабдуењето на домашните имаатели на истите со составни делови и со соодветен прибор во смисла на дадените гаранции.

Член 5

Техничкото претставништво на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија не може да врши никакви други работи, освен оние од претходните членови, нити да застапуе интереси на други претпријатија или установи освен на своето матично претпријатие односно установа, исклучуејќи ги случаите за кои што добие претходно одобруење на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ.

Член 6

Техничко претставништво може да започне со работење на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија само по претходна дозвола на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ и по извршената регистрација кај Министерството на надворешната трговија ФНРЈ.

II

Дозвола за работење

Член 7

Иностранo претпријатие или установа, која што сака да оснуе свое техничко претставништво на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија, мора да се обрати со писмена молба до Министерот на надворешната трговија ФНРЈ која што мора да содржи следни подаци:

а) назив (фирма) на односното иностранo претпријатие или установа со назначуење на точната адреса;

б) назив под кој што ке се води техничкото претставништво;

в) подробен делокруг на работењето на односното иностранo претпријатие или установа;

г) местото на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија во кое што иностраното претпријатие или установа сака да оснуе техничко претставништво;

д) вид на производите со кои што односното техничко претставништво ке работи; и

ѓ) презиме и име на раководачот на техничкото претставништво.

Со молбата мора да се приложи:

а) извод од трговскиот регистер за дотичното претпријатие односно статут на дотичната установа во заверен и легализиран превод; и

б) уверење на надлежниот државен орган за државјанството, стручната спрема и за поранешното запослуење на раководачот на техничкото претставништво во заверен и легализиран препис односно за странски државјанин во превод.

Оваа молба со прилози му се поднесуе на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ преку изасланството на наведеното министерство во земјата на седиштето од дотичното иностранo претпријатие или установа. Доколку такво изасланство не постои молбата се поднесуе непосредно до Министерството на надворешната трговија ФНРЈ.

III

Персонал

Член 8

По добивената дозвола за работење раководачот на техничкото претставништво должен е да му достави на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ список на техничките стручњаци и административниот персонал кои што сака да ги запосли.

Секоја идна промена во списокот на персоналот раководачот на техничкото претставништво должен е без одлагање писмено да ја пријави на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ.

Член 9

За запослуење на технички стручњаци кои што се државјани на Федеративна Народна Република Југославија, потребна е претходна согласност на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ.

Во молбата за запослуење на техничките стручњаци од претходниот став раководачот на техничкото претставништво мора да наведе од кои разлози го сака нивното запослуење. Со молбата мора да се поднесе уверење на надлежниот државен орган за државјанството, стручната спрема и за дотогашното запослуење на дотичниот технички стручњак.

За техничките стручњаци странски државјани раководачот на техничкото претставништво должен е да му поднесе на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ уверења од претходниот став во заверен и легализиран превод.

Член 10

За запослуење на административниот персонал на странско државјанство потребна е претходна согласност на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ.

Во молбата за запослуење на административниот персонал од претходниот став раководачот на техничкото претставништво мора да наведе од кои разлози го сака нивното запослуење. Со молбата мораат да се поднесат во заверен и легализиран превод уверења за државјанство, за стручната спрема и за дотогашното запослуење на дотичниот персонал.

За административниот персонал со државјанство на Федеративна Народна Република Југославија раководачот на техничкото претставништво должен е да му поднесе на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ документи од претходниот став издадени од надлежните државни органи.

Член 11

За поставуење на нов раководач на техничкото претставништво потребна е претходна согласност на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ. Во таа цел дотичното иностранo претпријатие или установа должни се да се обратат со писмена молба до Министерот на надворешната трговија ФНРЈ и со истата да ги приложат сите документи од точ. б) ст. 2, чл. 7 на овој правилник.

IV

Регистрација

Член 12

По добивената дозвола за работење и добивената согласност на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ за запослување персоналот, во смисла на чл. 9 и 10 на овој правилник, раководачот на техничкото претставништво должен е да му поднесе на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ писмена пријава за упис во регистер.

Со пријавата мора да се приложи заверен препис на дозволата за работење. Пријавата треба да содржи подаци од чл. 7 на овој правилник.

Член 13

Техничкото претставништво должно е да изврши регистрација и да отпочне со работењето во срок од два месеца од денот на добиената дозвола за работење.

Доколку иностраното претпријатие или установа не ке постапат по претходниот став, дозволата на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ за работење ја губи својата важност.

V

Контрола

Член 14

Контрола над работењето на техничките претставништва на подрачјето на Федеративна Народна Република Југославија врши Министерството на надворешната трговија ФНРЈ.

Оваа контрола над работењето на техничките претставништва кои што имаат свои седишта во Белград ја врши непосредно Министерството на надворешната трговија ФНРЈ, а контролата над работењето на техничките претставништва кои што имаат свои седишта во други места ја вршат претставништвата на Министерството на надворешната трговија ФНРЈ во односните народни републики.

Член 15

Контролните органи од претходниот член имаат право да вршат преглед на работењето на техничко претставништво. Техничкото претставништво е должно да им ги даде сите барани подаци и да им дозволи увид во своите работни книги.

Член 16

За потешки или повторени прекршаи на прописите од Уредбата за основање и работење на техничките претставништва (репрезентации) на иностраните претпријатија и установи, на овој правилник и другите постоечки законски прописи (чл. 8 на уредбата) од страна на техничкото претставништво може да му се земе дозволата за работење.

Заради такви прекршаи може и на поедини одговорни службеници од техничкото претставништво, за чието запослување во смисла на чл. 9 и 10 на овој правилник е потребна претходна согласност, да им се земе одобрување за запослување. За други службеници може во такви случаи да се бара тие како незгодни да се сменат.

Против решенијата од ст. 1 и 2 може да се поднесе жалба во срок од 15 дена.

VI

Завршни одредби

Член 17

Освен дозволата на Министерот на надворешната трговија ФНРЈ од чл. 2 Уредбата за основање и работење на техничките претставништва (репрезентации) на иностранитепретпријатија и установи не е потребна никаква друга дозвола за работење на техничките претставништва.

Техничките претставништва се должни пред започнувањето со работењето да му ја поднесат на надлежниот окружни извршни одбор односно дека окружни народни одбори нема, на околискиот извршни одбор во заверен препис дозволата за работење добиена од Министерот на надворешната трговија ФНРЈ и решењето за уписот во регистер.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 19482/47
1 април 1947 година
Белград

Министер на надворешната трговија,
инж. **Никола Петровиќ** с. р.

Претседателството на Владата ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст установило да во текстот на Уредбата за извршување буџетот, објавен во „Службениот лист ФНРЈ" бр. 24 од 21 март 1947 година, се поткрала грешка и дава следна

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУЕЊЕ БУЏЕТОТ

Во чл. 15, првиот ред, наместо зборот „остваруат" треба да стои „отвораат".

Од Претседателството на Владата ФНРЈ, 3 април 1947 година.

Министерството на надворешната трговија ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст, установило да во текстот на Решението за укинување граничните царинарници спрема Албанија, објавен во „Службениот лист ФНРЈ" бр. 26 од 28 март 1947 година се поткрале грешки и дава следна

ИСПРАВКА

НА РЕШЕНЈЕТО ЗА УКИНУВАЊЕ ГРАНИЧНИТЕ ЦАРИНАРНИЦИ СПРЕМА АЛБАНИЈА

Во точ. 1 наместо сегашниот текст треба да стои:

„Се укинуат царинарниците во Струга, Призрен и Титоград, со сите нивни оддели, царинскиот оддел во Сукобин на царинарницата во Бар и царинскиот оддел Стење на царинарницата во Битола".

VIII бр. 4300 — Од Министерството на надворешната трговија ФНРЈ, 31 март 1947 година.

ЗАПИСНИК

НА I ЗАЕДНИЧКА СЕДНИЦА ОД III РЕДОВНО ЗАСЕДАНИЕ НА ОБАТА ДОМА НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, ОДРЖАНА НА 26 МАРТ 1947 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

Претседавал Претседателот на Сојузното веќе Владимир Симич.

Секретар на Сојузното веќе Стеван Јовичич

Претседателот на Сојузното веќе Владимир Симич ја отвори заедничката седница во 18.20 саатот.

Кога Народната скупштина ФНРЈ го прими од Претседателството на Президиумот предложениот

дневен ред: претрес Пословникот на Народната скупштина ФНРЈ за заеднички седници на Сојузното векје и Векјето на народите, се прејдуе на дневен ред.

Кога известителот на Законодавниот одбор на Векјето на народите Нинко Петрович и известителот на Законодавниот одбор на Сојузното векје Моша Пијаде ги прочитале одборските извештаи, претседавајукјиот отвора начелен претрес.

Народниот пратеник др. Драгољуб Јованович даде изјава оти ке се уздржи од гласање.

Потоа скупштината, гласајкји со дигање раце едногласно го усвои во начело пословникот за заеднички седници на Сојузното векје и Векјето на народите па се прејдуе на претрес во поединости.

Гласајкји со дигање раце скупштината ги усвои во поединостите сите 16 членови од предложениот пословник по извештајот и редакцијата на законодавните одбори, па се прејдуе на гласање во целост.

На предлог од претседавајукјиот скупштината одлучуе да за пословникот за заеднички седници се гласа со дигање раце после кое што го усвои Пословникот на Народната скупштина ФНРЈ за заеднички седници на Сојузното векје и Векјето на народите во целост едногласно од сите присатни пратеници.

По ова Претседателот на Сојузното векје Владимир Симич ја заклучуе седницата во 18.45 саатот и објавуе да идната заедничка седница ке биде закажана писмено.

26 март 1947 година
Белград

Секретар, Стеван Јовичич, с. р.

Претседател, Јосип Видмар, с. р.

ОД ЗЕМСКИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТОВИ

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 1 од 1 јануари 1947 година објавуе:

Уредба за измена и дополнуење Уредбата за регулирање надниците и платите на работниците запослени во поледелството;

Правилник за организација, редот и работењето во интернатите на средни и стручни школа;

Правилник за владање, пофалби, награди и казни на учениците на стручни школа во индустријата и занаетството;

Правилник за измена и дополнуење Правилникот за накнада трошковите за службени патуења и селидби на земските службеници и службеници на другите установи на Народната Република Црна Гора;

Решење за надлежноста на давање дозволи за работење на приватни и кооперативни занаетски претпријатија и заведенија;

Решење за мелењето житарици на подрачјето на Народна Република Црна Гора во економската 1946/1947 година и откупот на собраниот уем;

Решење за отворање стручното школо за ученици во индустријата и занаетството во Улциń;

Одлука на Уставотворната скупштина на Народната Република Црна Гора за актите кои што ги донеле Земското антифашистичко векје на Народното ослободуење на Црна Гора и Бока и неговото Претседателство, Црногорската Антифашистичка скупштина на Народното ослободуење и нејзиното Претседателство, Народната скупштина на Народната Република Црна Гора и нејзиното Претседателство

Во бројот 4—5 од 1 март 1947 година објавуе:

Уредба за банковните сметки на државните стопански претпријатија од локално значење на Народната Република Црна Гора;

Уредба за обвезниот преглед и постојаната лекарска контрола на активните фискултурници на Народна Република Црна Гора;

Уредба за оснивање Генералната дирекција на државните трговски претпријатија како административно-оперативен раководач над државните трговски претпријатија во Народната Република Црна Гора;

Уредба за оснивање Генерална дирекција на индустриските претпријатија како административно-оперативен раководач над државните индустиски претпријатија во Народната Република Црна Гора;

Уредба за организација и делокругот на работење на Комисијата за кооперации при Претседателството на Владата на Народната Република Црна Гора;

Уредба за начинот на оснивање кооперации, нивните правила и уписот во кооперативен регистер;

Правилник за организацијата и должностите на агенциите и повереништвата за транспортно работење на територијата на Народната Република Црна Гора;

Правилник за составот и работењето на Советот на социалното осигуруење при Одделењето на трудот на Претседателството на Владата на Народната Република Црна Гора;

Правилник за признавање сведочанствата на школата за општо образовање, стручните школа и стручните испити стечени во иностранство;

Правилник за формирање и работењето на живинарската фарма на Народна Република Црна Гора;

Правилник за формирање и работењето на Пчеларската станица на Народна Република Црна Гора

Решење за пресметуење непредвиделата добивка кај работите за кои што не било возможно да се утврдат норми на трошковите на државните градежни претпријатија од републиканско значење;

Решење за постотокот на трошковите (режијата) за државните угостителски претпријатија од републиканско значење;

Одлука за решавање на повторни молби за помилување;

Одлука да лекуењето на болеслици од заразни и социални болести, како и сузбивање на овие болести, пагја на терет на земскиот буџет на Народната Република Црна Гора.

СОДРЖАЈ:

Страна

209. Основни закон за експропријација — — — 313
210. Указ за прогласуење претпријатијата Јавни складишта д. с. о. ј. во Љубљана и Царинско јавни складишта д. д. во Загреб за претпријатија од општодржавно значење — — — — — — — — — — — — — — 316
211. Обвезно толкуење на чл. 5 ст. 2 Законот за конфискација на имотот и за извршуење конфискацијата од 27 јули 1946 година 317
212. Уредба за стрижење и откуп на волна во економска 1947—1948 година — — — — 317
213. Уредба за платите на работниците и учениците во градежинарството — — — — — 318
214 Правилник за извршуење Уредбата за основање и работење на техничките претставништва (репрезентации) на иностранни претпријатија и установи — — — — — 321
Исправка на Уредбата за извршуење буџетот 323
Исправка на Решењето за укинуење граничните царинарници спрема Албанија — — — 323

Издавач: Редакцијата на „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија" — Белград, Бранкова 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М Нешович, Мајке Јевросиме бр. 20. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград